Влада на Република Северна Македонија
Генераленсекретаријат

Qeveria e Republikëssë Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

Арх. број/ Num. ark.: 46-11719/2
Датум/Data:

До
Министерство за внатрешни работи

Предмет: Препраќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

[redacted], новинарка од МИА (Медиумска информативна агенција), достави барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, во врска со издвоени средства на секое министерство за јавни огласи за вработување во печатени медиуми во 2021, 2022 и 2023.

Имајќи го предвид членот 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето го доставуваме на ваша надлежност.

Искрено,

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup
Примено / E Pranuar: 10-11-2023
[redacted]

Архивски знак/Shenja e arkivit:
Рок на чување/Afati i ruajtjes:
20 ___ год./viti
Потпис/Nënshkrim

Доставено и до:
Министерство за надворешни работи
Министерството за транспорт и врски
Министерство за правда
Министерство за здравство
Министерство за труд и социјална политика
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министерство за образование и наука
Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците
Министерство за култура
Министерство за информатичко општество и администрација
Министерство за економија
Министерство за финансии
Министерство за одбрана
Министерство за локална самоуправа

# МИА

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
06-11-2023
[redacted]

**Генерален секретаријат**

**Бул. Илинден бр. 2 1000, Скопје**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку средства има издвоено секое министерство посебно во изминатите три години (2021,2022 и 2023 согласно октомври - за секоја година посебно) за јавни огласи за вработување во печатени медиуми?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 3 ноември 2023 година

[redacted]

Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје

Телефонски број: 075829588

**[redacted]**

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | [redacted] |
| **To:** | [redacted] |
| **Subject:** | Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **Attachments:** | Генерален секретеријат.docx |

Почитувани,

Во прилог ви испраќам Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам потврдете го приемот на оваа електронска пошта.

Со почит,

**Ангела Рајчевска**
**Новинар**

МИА

АД „МИА" - Скопје
Ул.: Кеј Димитар Влахов бр.4, П.ф. 4, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.: +389 2 246 16 00
Факс: +389 2 246 40 48
Моб.: +389 75 829 588
angela.rajcevska@mia.mk
www.mia.mk

ISO 9001:2008; ISO 14001:2004; OHSAS 18001:2007

– Сектор за правни работи –

*Одделение за слободен пристап до информации од јавен карактер и заштита на лични податоци*

Архивски број: [redacted]
Датум: 28 -11- 2023

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 8 став 1, став 2 алинеја 1 и став 3 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/2020), постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот Ангела Рајчевска новинарка од МИА (Медиумска информативна агенција) Министерството за финансии во својство на имател на информации, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено до Министерството за финансии од барателот [redacted], новинарка од МИА (Медиумска информативна агенција), под број [redacted] година, **СЕ УВАЖУВА.**
2. Министерството за финансии како имател на информацијата **ОВОЗМОЖУВА** пристап и запознавање на барателот до бараните информации.

## *О б р а з л о ж е н и е*

До Министерството за финансии е доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер, од страна на барателот [redacted], новинарка од МИА (Медиумска информативна агенција), под број [redacted] од 10.11.2023 година.

Со предметното Барање, од Министерството за финансии се бара пристап до информација *„Колку средства има издвоено секое министерство посебно во изминатите три години (2021, 2022 и 2023 согласно октомври - за секоја година посебно) за јавни огласи за вработување во печатени медиуми?"*.

Министерството за финансии, во својство на имател на информации, го разгледа предметното Барање, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер нормирани во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по предметното Барање, Министерството за финансии на Република Северна Македонија има издвоено и реализирано финансиски средства за објавување јавни огласи за вработување во печатени медиуми и тоа:

- за 2021 година финансиски средства во износ од 394.199,00 денари,
- за 2022 година финансиски средства во износ од 574.220,00 денари,
- за 2023 година финансиски средства во износ од 654.239,00 денари.


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Ministria e Financave e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
"Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255 442
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

Имајќи го предвид горенаведеното, Министерството за финансии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на Сектор
Татјана Васева

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот на информацијата

Изработил: [redacted]
Контролирал: [redacted]
Проверил: [redacted]


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Ministria e Financave e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
"Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255 442
www.finance.gov.mk